СТ-67/17

ОСНОВНИОТ СУД ВО СТРУГА, со стечајниот судија Лазо Ѓоргоноски, постапувајќи по предлогот на предлагачот Атанас Гоџоски од Струга, за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Друштво за угостителство, услуги и трговија на големо и мало со увоз-извоз АНГОР ДООЕЛ Струга со седиште во Струга, на рочиштето од 21.06.2017 година, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Стечајната постапка започната према стечајниот должник Друштво за угостителство, услуги и трговија на големо и мало со увоз-извоз АНГОР ДООЕЛ Струга со седиште во Струга, со единствен матичен број на деловниот субјект 4289978, даночен број 4026991101946, со трансакциска сметка број 250-0240000111-29 при Шпаркасе Банка Македонија, **СЕ ОТВОРА И СЕ ЗАКЛУЧУВА.**

СЕ НАЛАГА бришење на стечајниот должник од Трговскиот регистар во Централниот регистар на Република Македонија и други соодветни регистри.

СЕ ЗАДОЛЖУВА привремениот стечаен управник затекнатите парични средства на трансакциските сметки на должникот да распредели на трошоците за заклучување на постапката а остатокот да го пренесе во Буџетските средства на РМ при НБРМ со жиро сметка 1000000000630 95, сметка на буџетски корисник 2901000922 696 13, приходна шифра 725939 програма 20.

## Образложение

Предлагачот Атанас Гоџоски од Струга до овој суд поднесе предлог за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Друштво за угостителство,услуги и трговија на големо и мало со увоз-извоз АНГОР ДООЕЛ Струга со седиште во Струга.

За да се утврди дали се исполнети условите за отворање стечајна постапка судот поведе претходна постапка и го именува Зорам Стојкоски за привремен стечаен управник.

На одржаното рочиште привремениот стечаен управник достави извештај со наод и мислење според кое, врз основа на изведените докази произлезе дека должникот нема имот кој би влегол во стечајната маса или истиот е недоволен и за намирување на трошоците на таа постапка, бидејќи е со незначителна вредност.

Имајќи го во предвид наведеното согласно член 68 став 1 од Законот за стечај, се одлучи како во изреката на решението.

Стечаен судија,
Лазо Ѓоргоноски с.р.

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник

**ПОУКА:** Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена од објавувањето во Сл. В на РМ до Апелациониот суд во Битола

**Д-ви на :**
- предлагачот,
- приврем.стечаен управник
- ВЕБ страната на судот
- Сл.В. на РМ

**По правосилноста на:**
- Централен регистар
- Депозитната банка